Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

август 2025 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за дополување на Законот за работните односи, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Рецеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за работните односи се уредени правата и обврските од работниот однос. Меѓудругото со истиот се предвидени правата на работниците – родители, при што е предвидено платено отсуство за работничка за време на бременост, раѓање и родителство, со кое максималниот период на отсуство варира од девет до 15 месеци во зависност од тоа дали се работи за едно или повеќе новородени или посвоени деца.

Со моменталната законска рамка во Република Македонија, откако ќе заврши породилното и родителското отсуство, родителите се враќаат на полно работно време, без можност за други поволности во однос на овозможено повеќе слободно време кои родителот треба да го посвети на своето дете, освен правото на едноипол часовна пауза на мајката за доење на новороденчето до наполнета една година возраст.

Современиот начин на живот наметнува темпо и динамика на живеење во кое присутноста на родителот при грижата за малите деца на дневно ниво е од клучно значење. Недостатокот на дополнителни олеснувања на работниците – родители, за исполнување на родителските обврски кон малите деца, чиј раст и развој зависи од присутноста на родителот, предизвикува тешкотии во усогласување на работните и родителските обврски, особено кај самохрани родители и семејства без поддршка.

Истражувањата утврдиле дека градењето на здрава врска помеѓу родителот и новороденчето во раниот период е важен поради долготрајното влијание врз идниот однос родител - дете, што значи исклучително важно е детето да минува повеќе време во присуство на родителот во периодот на раното детство на детето, а неизбежна е потребата од родителската присутност при исполнување на родителското право во ситуации на пружење детска грижа.

Тргнувајќи оттука, во интерес на здравиот и стабилен детски развој, а во насока и на поттикнување на зголемување на наталитетот кој е во пад изминатите години, потребно е законодавецот, родителската достапност на децата да им ја овозможи со законско право на флексибилно и скратено работно време сè додека детето не наполни шест годишна возраст т.е. возраст по која детето влегува во образовниот систем, а завршува стадиумот на т.н. домашно воспитување.

Потребата од воведување законско право на флексибилно или скратено работно време за родители со дете до шест годишна возраст произлегува од повеќе меѓусебно поврзани социјални, економски и развојни фактори.

Првите неколку години од животот на детето се клучни за неговиот емоционален, социјален и когнитивен развој. Во овој период, континуираната присутност и вклученост на родителите претставува суштински предуслов за создавање на стабилна и сигурна средина за детето. Истовремено, придонесува и е во насока на јакнење на семејната врска и превенција на подоцнежни психо-социјални тешкотии.

Позитивните економски фактори ни ги покажува праксата од државите каде што работниците – родители имаат одредени поволности во однос на флексибилноста во работата. Така на пример во Шведска, родителите имаат право на скратено работно време до 25% до навршување осум години возраст на детето. Во Германија, постои законска обврска за работодавачите да разгледаат и неосновано да не одбиваат барања за скратено работно време по враќање од родителско отсуство на работникот, а слично е регулирано и во Холандија. При што праксата од овие држави покажува дека овие мерки не водат до намалена продуктивност, туку до поголема мотивација и посветеност на вработените, помала стапка на отсуства и поголема задржливост на работната сила.

Дополнително, овде е позитивниот демографски ефект врз наталитетот.

Оттука, во согласност со практиката на европските земји, заради олеснување на потребата на работникот - родител во пружањето на неопходната грижа за правилниот и здрав развој на бебето и малото дете, со цел градење на здрава врска помеѓу родителот и детето, и потребата од државен стимул за зголемување на наталитетот, евидентна е потребата од предложените измени на Законот за работните односи.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за работните односи.

Целта на законот е олеснување на условите на вработените родители во однос на грижата за малолетните деца.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.*

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ бр.62/05; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023 и 39/2025) по членот 171 се додава нов член 171-а кој гласи:

„Флексибилно работно време за млади родители

Член 171-а

(1) Работодавачот е должен на работникот - родител или работникот кој посвоил дете кое не наполнило шест години возраст, да му овозможи работа од шест часа работно време (полно работно време), со измена на распоредот на работните часови во рамките на дозволените часови на работа (флексибилно работно време), или можност за работа од дома, во согласност со потребите на работниот процес и со договорот помеѓу работодавачот и работникот, при што доколку работниот процес го дозволува тоа, работата се извршува исклучиво во прва смена, до навршување на шест години возраст на детето.

(2) Правото на флексибилно работно време го остваруваат двајцата родители до навршување шест години возраст на детето.

(3) Работникот е должен да поднесе писмено барање до работодавачот најдоцна 15 дена пред започнувањето на периодот за кој се бара ова право.

(4) Работодавачот може да го одбие барањето за флексибилно работно време само во случај на сериозни оперативни потреби кои не дозволуваат прилагодување на работното време, до завршување на потребата. Во периодот до завршување на потребата работодавачот е должен да понуди алтернативно решение во договор со работникот.

(5) Ако работодавачот барањето го одбие спротивно на став (4) на овој член, работникот има право на тужба пред надлежен суд.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи два члена.

Со членот 1 се дополнува Законот за работните односи со нов член 171-а, со кој е предвидено родителите на деца до шест годишна возраст, да работат со флексибилно и скратено полно работно време од шест часа, распоредени согласно потребите на работникот, во договор со работодавачот.

Членот 2 го предвидува денот на влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ
НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВОПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе ја поттикне довербата и лојалноста на работниците кон работодавачите, со што ќе се обезбеди постојана работна сила за економијата, ќе ја зголеми продуктивноста во работниот процес и ќе го поттикне растот на наталитетот.